Емилија Бошковска, доктор на психолошки науки и гешталт терапевт. Лиценциран психолог со посебна лиценца за здравствена психологија со психотерапија. Постдипломските студии ги завршува во 2012 година на тема „Мобинг во македонското образование„, а докторските во 2017 година, на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Велико Трново, на тема „Професионалниот стрес и копинг механизми кај вработените во образование во Р.Македонија“. Автор е на бројни трудови од областа на организациска психологија, трауматска психологија, психологија на образование и сл. објавени во меѓународни и домашни списанија.
Доцент на Факултетот по психологија на МИТ Универзитет, психотерапевт во Здружение за едукација и психотерапија Амигдала-Скопје, советник во Државен испитен центар и континуирано ангажирана на повеќе проекти од областите на интерес.
Од 2016 до 2025 година е член на Управниот одбор на Комората на психолози на Македонија и учествува активно во разни комисии на Комората во интерес на професијата. Од 2016 година е и Претседател на Секцијата за психолошки тестови на Комората на психолози.